# FLORENCE NIGHTINGALE ISTANBUL

## Едукација

*Назив на ЈЗУ* : **Општа болница – Охрид**

*Назив на институцијата каде е одржана обуката* : **FLORENCE NIGHTINGALE ISTANBUL**

*Одржана од* **01.03.2015 – 21.03.2015**

*Име и презиме на лицето испратено на обука* : **Ристана Наумоска**

*Датум на презентација* : **25.05.2015**




**FLORENCE NIGHTINGALE ISTANBUL** болницата, како петта болница на **Florence Nightingale** групацијата е ставена во употреба во центарот на **Istanbul Sisli**, има 50.254 м2 затворен простор . Областа на аеродром за хеликоптери на покривот на зградата е структурирана на соодветен начин за слетување и полетување на сите видови на воздушна амбуланта. **Florence Nightingale Istanbul** болницата, се гради како паметна болница, доби титулата на "Зелена зграда на болницата" со **TUV** сертификат **Hessen** Зелена зграда.

Болницата, чија изградба започна во 2008 година, има 219 легла , 51 кревети за интензивна нега, 11 хируршки соби, сите опремени со ламинарен проток на воздух и 2 соби  за испорака.

Амбулантата за Оториноларингологија каде што бев распределена се состоеше од :
- кабинет за аудиологија
- 2 специјалистички амбуланти ;
- просторија каде што се работеа калористичните тестови .

**Кабинетот за аудиологија** , беше опремен со аудиометар и тимпанометар . Се работеше на популација од 0 – 80 год. старост . Кај новороденчињата не постари од неколку дена редовно се правеше проверка на слух.



Кај другите пациенти на возраст од 2 – 80 год. се правеше аудиограм по индикација.



Исто така и тимпанометријата се работеше по индикација.



Кај пациенти со вртоглавици и мениер се правеше калоричен тест.

Амбулантите беа опремени со најмодернистички и најсофистицирани апарати како што се :
- ларингоскоп
- риноскоп



- отоскоп



Во денови кога немаше закажани пациенти за аудограми , одев во старата болница Sisli , помагав при припрема на материјал за стерлизација, завоен материјал и инструменти за стерлизација. Секои инструменти пред стерлизација ги стававме во кеси со сериски број, дата на стерлизација и ги вакумиравме. Припремавме тупфери, гази со големина и број во зависност од операцијата.

# Заклучок :

Ми беше голема чест и задоволство на укажаната можност, да присуствувам и учествувам во работењето на една ваква реномирана болница, каде се стекнав со нови искуства, кои можам да ги применам во работата во нашата болница. Се работи слично како кај нас – посебно аудиологијата и тимпанометријата.